Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 мај 2023 година, дава

# Р Е Ш Е Н И Е
## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Настава по јазик" на Педагошки факултет при Универзитетот „Св.Климент Охридски" – Битола

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Настава по јазик" на Педагошки факултет при Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација на студиската програма „Настава по јазик", од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет при Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола, бр.08-284/4 од 9.9.2022 година од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола се обрати со барање бр.08-990/2 од 16.9.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-929/1 од 22.9.2022 година за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Настава по јазик" на Педагошки факултет при Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-929/2 од 23.9.2022 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 27.9.2022 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-929/3 од 30.9.2022 година во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Настава по јазик" на Педагошки факултет при Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и

за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10 и 168/10).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение

**Бр. 41-4601/5**
**23 мај 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата на**
**Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Владимир Лазаревски, соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| | Никола Пасков, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |